**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-38/7**

**Скопје, 02.06.2009 година**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, (во понатамошниот текст МТВ) Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, кои се прикажани на страните 15, 16 и 17.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија за годините 2001, 2003, 2004 и 2005 година, и за овие години издадени се извештаи за финансиските извештаи на Министерство за транспорт и врски, а не е извршена ревизија за 2006 година, која `и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 14, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.09.2008 до 23.01.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.03.2009 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, заведени под бр. 02 – 3122/2 од 20.03.2009 година, од министерот за транспорт и врски. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - Забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.1.6, 10.3.1. ал 1, 10.3.1. ал 2, 10.3.1. ал 4, 10.3.1. ал 7. 10.3.5. ал 2, 10.3.5. ал 5, 10.3.6. ал 1 и 2, 10.4.1. ал 1, 10.4.1. ал 4, 10.4.1. ал 5, 10.4.1. ал 8, 10.4.1. ал 9, 10.4.1. ал 10, 10.4.1. ал 11, 10.4.2. ал 2 и 10.4.2 ал 5 од Претходниот извештај се прифаќаат и наодите се бришат во Конечниот извештај.
    - На наодите во точките 10.1.1, 10.2.1. ал 1 до 5, 10.2.2, 10.2.3, 10.2.4, 10.2.5, 10.2.6, 10.4.1. ал 2 и 10.2.7. од Претходниот извештај, не се дадени забелешки односно истите се однесуваат на преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.1.2, 10.1.3, 10.1.4, 10.1.5, 10.3.1. ал 3, 10.3.1. ал 5, 10.3.1. ал 6, 10.3.2, 10.3.3, 10.3.4, 10.3.5. ал 1, 10.3.5. ал 3, 10.3.5. ал 4, 10.3.7, 10.4.1. ал 3, 10.4.1. ал 6, 10.4.1. ал 12, 10.4.2. ал 1, 10.4.2. ал 3, 10.4.2. ал 6, 10.4.2. ал 7, 10.4.2. ал 8, 10.4.2. ал 9, 10.4.2. ал 10 и т 13 од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Спротивно на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерот за транспорт и врски нема донесено акт (правилник) за начинот на употреба и чување на заверените урбанистички планови и урбанистички проекти (за градби од значење за Републиката утврдени со Законот за градење како градби од прва и втора категорија и за подрачја кои се вон планските опфати на урбанистичките планови) и акт (правилник) за начинот на изработка и чување на картираните подлоги од плановите, кои што согласно овој закон требало да се донесат во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој закон односно до 1.01.2006 година. Недонесувањето на наведените правилници создава ризик од нерегуларности во работењето на државниот орган.

Во 2009 година донесен е Правилник за начинот на употреба и чување на заверените урбанистички планови и урбанистички проекти за градби од значење на Републиката, утврдени со Законот за градење како градби од прва и втора категорија, за подрачја кои се вон планските опфати на урбанистичките планови, а се во согласност со Просторниот план на Републиката и за начинот на изработка и чување на картираните подлоги од урбанистичките планови, објавен во Сл весник на РМ, бр 11/09 од 27 јануари 2009 година.

11.1.2. Програмата за финансирање на изработката на планови за градби од значење за Републиката за 2007 година е донесена од Владата на РМ, врз основа на Предлог програма од министерот за транспорт и врски, при што не се земени во предвид барањата од општините и градот Скопје за потребата од финансирање на урбанистички планови од буџетски средства во нивните општини и без обезбедено мислење пред нејзиното донесување од градот Скопје и општините. Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање, без да се постигне усогласеност на потребите помеѓу локалната и централната власт.

11.1.3. МТВ нема воведено евиденција за донесување и следење на урбанистичките планови и урбанистичките проекти како планови од значење на Републиката, во законските рокови, иако со Законот за просторно и урбанистичко планирање, е надлежно министерство за вршење надзор над законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и органите на градот Скопје кои се однесуваат на изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови. Потребата од ваква евиденција и следење е од причина што во случај на недонесување на истите во утврдените законски рокови, постапката би се повторила и би предизвикала трошење на дополнителни средства од Буџетот. Исто така, МТВ треба да ги контролира општините согласно Законот, дали и во кој износ ги враќаат претходно потрошените средства за плановите и проектите финансирани од Буџетот, во случај на повторување на постапката. Исто така, МТВ нема електронска база на податоци за донесените урбанистички планови, со цел да се овозможи достап на граѓаните до сите релевантни податоци и информации во врска со истите.

11.1.4. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, на финансиските извештаи и завршната сметка за 2007 година е потпишано вработеното лице – советник за финансиско работење во Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, распоредена во министерството со решение од февруари 2008 година, наместо помошник раководителот на секторот за општи работи кој е назначен од министерот за транспорт и врски за одговорен сметководител со решение од 7.08.2006 година. Ваквата состојба има за последица необезбедена одговорност за точноста и усогласеноста на финансиските извештаи на МТВ со законските прописи за 2007 година.

11.1.5. Министерството нема интерен акт - упатство за постапување при распределбата и трансферот на средствата до ЕЛС со кое би се утврдиле критериуми и методологија на распределба на средствата за изградба на водоводи и третман на отпадни води одобрени од Буџетот на РМ, кои за 2007 година изнесуваат 94.000 илјади денари поради што постои ризик од необјективна распределба на средствата за оваа намена.

Во март 2009 година Министерството изготвило Предлог Методологија која е доставена до сите надлежни институции за добивање на стручно мислење.

**Препораки**

1. Програмата за финансирање на изработката на планови за градби од значење за Републиката за наредните години да се носи врз основа на барања од општините и градот Скопје за потребата од финансирање на урбанистички планови од буџетски средства во нивните општини и со обезбедено мислење пред нејзиното донесување од градот Скопје и општините.
2. МТВ да воведе евиденција за следење и донесување на урбанистичките планови и урбанистичките проекти како планови од значење на Републиката, заради вршење надзор над законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и органите на градот Скопје кои се однесуваат на изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови, и да воведе електронска база на податоци за донесените урбанистички планови.
3. Одговорниот сметководител назначен од министерот за транспорт и врски да ги потпишува финансиските извештаи и завршната сметка заради потврда на точноста и усогласеноста на финансиските извештаи на МТВ со законските прописи.
4. Министерот за транспорт и врски во соработка со одговорните лица во секторот за станбено-комунални работи и инфраструктура, да изработи и достави предлог акт врз основа на кој Владата ќе донесе законски акт во кој ќе бидат пропишани критериумите и постапката за распределба на средства наменети за изградба на водоснабдителни и канализациони системи, одобрени од Буџетот на РМ, согласно измените на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, од август 2008 година.

### 11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Министерството за транспорт и врски не води дел од пропишаните деловни книги на соодветен начин, и тоа:

- Книгата на капиталниот имот (основните средства) за првпат е воведена во 2006 година врз основа на внесени – препишани податоци од рачните пописни листи од претходни години, со редни броеви кои не претставуваат инвентарни броеви (во книгата внесена е и група на основни средства заведени под еден број со вкупна вредност од 1.935 илјади денари). Книгата на капиталниот имот не ги содржи градежните објекти, примените донации од претходни години и тековната година (пример: возила во вкупен износ од 15.918 илјади денари и опрема од кинеска донација за интернет клубови), а внесени се основни средства кои, согласно донесените одлуки за пренесување на правото на сопственост на движни и недвижни ствари во 2005 година, со децентрализацијата се пренесени во општините.
- Набавените материјали, резервни делови и ситен инвентар не ги евидентира преку сметките за залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и сметката останат капитал.
- Не ги води следните помошни книги: книга на влезни фактури, книга за набавки, пописни листи (за материјали, ситен инвентар и основни средства), ниту се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со истите;

- Несоодветно ја води книгата на благајна (касов извештај) бидејќи вкупниот промет на благајната (денарска и девизна) не го вклучува прометот на авансите за службени патувања, ниту се води аналитичка евиденција на побарувања за аванси по лица изразени во денари и девизи, што остава можност од злоупотреба и незаконско трошење на буџетските средства.
- Не води аналитичка евиденција на побарувања по лица - корисници на издадени Верна картички по броеви и апоени, и аналитичка евиденција на побарувања по лица – корисници на Виза бизнис картички во деловни банки, за што постои ризик од злоупотреба и незаконско трошење на средства.

Неводењето и несоодветното водење на деловните и помошните книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи.

Ревизорот не дава препораки бидејќи во текот на ревизијата во деловните книги за 2008 година се преземени мерки за отстранување на претходно утврдените неправилности.

11.2.2. Во 2007 година најголем дел од документацијата што беше предмет на ревизија не е потпишана од министерот, ниту пак од него овластено лице со што ќе се потврди дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената промена односно трансакција. Ваквата состојба укажува на непостоење на интерни контроли кои ќе обезбедат заштита од измами и грешки. МТВ нема обезбедено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што може да доведе до несовесно располагање и злоупотреба со буџетските средства од страна на лицата вработени во министерството.

Ревизорот не дава препораки бидејќи во текот на ревизијата во деловните книги за 2008 година се преземени мерки за отстранување на претходно утврдените неправилности.

11.2.3. Не е извршен попис на средствата (градежни објекти, опрема, парични средства, побарувања и обврски) и изворите на средства на начин пропишан со законските прописи, поради следното:

Пописните листи и извештаите за извршен попис на средствата не ги содржат сите податоци и елементи утврдени со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, (пописните листи за опрема се неуредни, не ги содржат сите податоци во натурални и парични вредности, имаат само назив на основно средство со инвентарен број кој не одговара на вистинската состојба и година на употреба, а разликите кои се наведени како вишок и кусок на основни средства не се поткрепени со уредни и веродостојни пописни листи). По извештајот за извршен попис не е донесен акт (одлука или решение) од одговорното лице – министерот, не се спроведени книжења на разликите (кусоци, вишоци) и не е извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со попис на ден 31.12.2007 година, со што МТВ постапил спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Согласно наведеното, ревизијата не доби релевантни ревизорски докази за да ја потврди



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

објективноста и реалноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година.

11.2.4. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, не е пресметана амортизација на градежните објекти за 2007 година, а амортизацијата на опремата е извршена на основни средства во книгата на капитален имот за кои не е потврдено постоењето со попис, поради што и пресметаниот износ на амортизација за 2007 година не е правилно искажан во главната книга и финансиските извештаи со 31.12.2007 година.
Ревизорот не дава препораки бидејќи во текот на ревизијата во деловните книги за 2008 година се преземени мерки за отстранување на претходно утврдените неправилности.

11.2.5. Во деловните книги и финансиските извештаи за 2007 година, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, не се евидентирани инвестиционите вложувања за објектите што се однесуваат на санација на свлечилишта на различни места во РМ, а кои според Законот за градење и Правилникот за поблиско определување на градби по одделни категории на градби, се објекти од 5 категорија – потпорни зидови и огради, и за кои, според одобрението за градење градител е МТВ (пример: санација на свлечилиште Рамина и Ѓермо). Во 2007 година за санација на свлечилишта, според сметководствената евиденција потрошени се вкупно 36.680 илјади денари од ставката други градежни објекти, а истите не се искажани на сметката за материјални средства во подготовка. Со завршување на објектот и давањето во употреба вредноста треба да се прекнижи на сметка други материјални средства. Од причина што се работи за повеќе вакви објекти кои се градат подолг временски период ревизијата не беше во можност да го квантифицира износот на средства кои треба да се капитализираат.

11.2.6. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, во 2006 и 2007 година во деловните книги не се води аналитичка евиденција на побарувањата по лица, не се спроведени книжења за раздолжување на лицата по сметки исплатени преку Виза картичките, иако истите биле користени, ниту пак е извршен попис со 31.12.2007 година, поради што во финансиските извештаи оваа позиција не е реално и објективно искажана. На 31.12.2007 година на позицијата Краткорочни побарувања од вработените искажано е салдо од 1.449 илјади денари, кое произлегува главно од евидентирани побарувања за издадени Виза бизнис картички, врз основа на уплати на средства во Стопанска банка АД Скопје, на име на 3 лица во МТВ. Во 2008 година спроведени се книжења врз основа на платените сметки доставени од корисниците на картички во вкупен износ од 846 илјади денари.

**Препораки**

1. Во иднина МТВ да подготвува годишен план за набавки на материјали, кој ќе биде презентиран во предлог буџетската пресметка, при што да се разграничи износот на средства за материјали кои ќе се обезбедат преку Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, и средства од разделот на МТВ.
2. Да се изврши попис на средствата и изворите на средства согласно законските прописи, да се евидентираат во сметководствената евиденција донираните средства со кои располага министерството и да се изврши намалување на

вредноста на материјалните средства согласно донесените одлуки за пренос на сопственоста.

3. Одговорните лица за финансии и сметководство, по спроведувањето на пописот согласно законските прописи, да извршат корекции на набавната, отпишаната и сегашната вредност на основните средства во книгата на капитален имот, во деловните книги и во финансиските извештаи.
4. Одговорните лица за финансии и сметководство, по извршената контрола на целокупната документација од страна на внатрешната ревизија и секторот за станбено комунални работи и инфраструктура, да спроведат книжења за евидентирање на исплатените средства за санација на свлечилишта за кои градител е МТВ на соодветните сметки во деловните книги.
5. Одговорните лица за финансии и сметководство да воведат ажурна и точна евиденција на побарувањата од вработените во деловните книги.

11.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

11.3.1. Во 2007 година со Буџетот на РМ планирани се и одобрени средства за капитални субвенции во претпријатија и невладини организации во износ од 150.000 илјади денари за Програма ДА – инвестиции во железничка инфраструктура (ЈП Македонски Железници), а потрошени се средства во износ од 144.328 илјади денари по доставени барања од ЈП МЖ, за кои исплати ревизијата не доби достатни и релевантни докази за потврда на објективноста и реалноста на расходите за оваа намена, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- Во секторот за железници не постои процедура за проверка и контрола на доставената документација во прилог на барањето за исплата од ЈП МЖ, од аспект на веродостојност на документацијата поради што во одделни барања постојат случаи на исплата по двапати платена иста фактура, по кои се врши незаконска исплата за ист основ. Од причина што не се врши следење на реализацијата на склучените договори од страна на МТВ, постои можност од фиктивно издавање на ситуации и незаконско трошење на средства. Во сметководствената евиденција во најголем дел има само фактури за материјали, без приложени испратници од добавувачите, приемници од ЈП МЖ за магацин, издатници за издаден материјал од магацин, издатници кои не одговараат на применетиот материјал во фактурата, а пресметките за вградување се потпишани од едно лице без датум, што влијае на отежнување на ревизијата и на ограничување на обемот на испитување. Ревизијата утврди случај на незаконска исплата на буџетски средства по исти фактури доставени од јавното претпријатие во вкупен износ од 1.834 илјади денари, кои средства по доставениот допис од министерството до ЈП МЖ, во текот на ревизијата на 31.12.2008 година, се вратени на трезорска сметка во Буџетот на РМ.
- Секторот за железници не врши контрола и споредба на исплатените средства од буџетот по Програмата во однос на платените фактури и ситуации према добавувачите со 31.12.2007 година од страна на ЈП МЖ преку увид во поткрепувачката документација во јавното претпријатие поради што се остава можност од користење на буџетски средства за други намени.
- Секторот за железници не извршил контрола дали ЈП МЖ ги обезбедило сите потребни документи за инвестиционите вложувања, согласно Законот за градење и Правилникот за поблиско определување на градби по одделни категории на градби, потребни за изградба на


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

објектите, наведени во четири точки од Програмата, (реконструкција и ремонт на пруга Пчиња – Рајко Жинзифов, реконструкција и ремонт на пруга Градско – Шивец, осигурување на делница Клисура – Гевгелија со АПБ и ПП уреди и електрификација на железничка станица Скопје – Југ.

11.3.2. На 27.12.2007 година повлечени се средства од Буџетот на РМ во вкупен износ од 680.000 илјади денари односно 50,12% во вкупниот буџет на МТВ, кои во 2008 година се зголемени на 830.000 илјади денари, и преку буџетот на МТВ се пренесени на посебни наменски сметки на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор, со намена ЈП да ги користи за реализација на проектите: изградба на Северна трибина на Градскиот стадион и изградба на станови за лица со ниски примања.

Владата на РМ, на седница одржана на 9.09.2008 година го задолжила министерството да достави целосен извештај за реализација на буџетските средства наменети за набавка на автобуси, изградба на Северна трибина, изградба на социјални станови, изградба на фекална канализација во Инџиково и изградба на повеќенаменска сала, најдоцна до 1.10.2008 година.

До МТВ доставен е извештај од ЈП за реализација на буџетските средства за изградба на Северна трибина на Градски стадион, според кој заклучно со 15.10.2008 година на ЈП за изградба на Северна трибина на Градски стадион му се префрлени вкупно 530.000 илјади денари, а реализацијата на проектот заклучно со 15.10.2008 година изнесува 220.784 илјади денари. Непотрошените средства се орочени во деловна банка.

Исто така, со состојба на 31.08.2008 година не се планирани ниту потрошени средства од Буџетот за 2007 година за објектот во Скопје, Ѓ Петров, Јурија, Б 3.1. и 3.2., односно како што е кажано и во известувањето од ЈП доставено до МТВ, досегашната реализација на изградбата на социјални станови е финансирана од сопствени извори на средства на ЈП. Буџетските средства исплатени на 27.12.2007 година во износ од 300.000 илјади денари не се потрошени за оваа намена туку истите се орочени во деловна банка на 1.07.2008 година.

МТВ не превзело мерки и активности за следење на реализацијата на проектите и наменското користење на средствата, иако согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на РМ, МТВ како буџетски корисник и надлежно министерство за капиталните инвестиции е задолжено за наменско и законско користење на сите буџетски средства кои се планираат и одобруваат преку неговиот буџет.

Ваквата состојба влијае на врзување на буџетски средства во поголем износ од висината на финансиската реализација согласно предвидената динамика на наведените проекти по години.

11.3.3. Врз основа на Одлука од Влада на РМ, од 21 декември 2007 година, за одобрување средства за изградба на фекална канализација во Инџиково, преку буџетот на МТВ извршена е исплата на средства на ден 26.12.2007 година во износ од 61.000 илјади денари на посебна наменска сметка на ЈП Водовод и канализација, Скопје, со намена ЈП да ги искористи за изградба на фекална канализација во Инџиково. Средствата се исплатени авансно, а во периодот од денот на исплатата до 28.11.2008 година, не е вршена исплата од наменската сметка.

Владата на РМ, на седница одржана на 9.09.2008 година го задолжила министерството да достави целосен извештај за реализација на буџетските средства наменети за повеќе проекти, меѓу кои и за проектот за изградба на фекална канализација во Инџиково, најдоцна до 1.10.2008 година. До

МТВ доставен е извештај изготвен од ЈП Водовод и канализација, од 1.10.2008 година, во кој е образложена постапката за јавна набавка до склучувањето на договор со Промонтинг ДООЕЛ Скопје. Согласно наведеното, буџетските средства кои биле одобрени и авансно исплатени на крајот на 2007 година, преку пренамена на средства меѓу буџетските корисници за изградба на фекална канализација Инџиково не биле користени до ноември 2008 година, што значи дека не постоела итност за ваква исплата, а МТВ не превзело мерки и активности за следење на реализацијата на проектот и за наменското и законското трошење на средствата.

11.3.4. Ревизијата не доби достатни и релевантни ревизорски докази за потврда на објективноста и реалноста на направените расходи за изработка на просторни и урбанистички планови во вкупен износ од 21.820 илјади денари, поради следното:

- Во изминатиот период Агенцијата за планирање на просторот, нема донесено ценовник од страна на Управен одбор, а договорените цени помеѓу МТВ и Агенцијата во 2007 година се врз основа на ценовник од 2000 година кој е неприменлив и не е усогласен со Законот за просторно и урбанистичко планирање и донесените правилници, како и поради неможноста за споредување на цените од ценовникот од 2000 година кои се однесуваат за целосно извршување на урбанистички план или проект, а во протоколите и во фактурите се извршени работи кои се однесуваат на делови од урбанистички план или проект.
- За 2007 година Агенцијата ја изготвувала пресметката во протоколите на вкупна вредност на договорената работа без учество на МТВ, користејќи го ценовникот од 2000 година, кој не е усогласен со Законот и Правилникот. При тоа дел од проектите се финансираат не само од буџетски средства, туку и од средства од општината.
- Со протоколите не се договорени работи кои ќе резултираат со конкретен производ (пример: урбанистички план како предлог проект за кој ќе има издадено согласност од МТВ, што претставува 90% завршена работа во случај на донесување на урбанистички план), поради што секторот за уредување на просторот неможе да го потврди извршувањето на дел од договорените работи предвидени во протоколот односно дали навистина е извршена услугата и дали во случај на дополнително финансирање за одделни планови од страна на општината навистина се потрошени вакви средства.

Во месец декември 2007 и 2008 година донесени се нови Ценовници за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти од Управниот одбор на Агенцијата, со што е надмината утврдената состојба во алинеите 1 и 2.

11.3.5. Ревизијата не доби достатни и релевантни ревизорски докази за потврда на објективноста и реалноста на направените расходи за рушење на бесправно изградени објекти во вкупен износ од 14.202 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради следното:

- На 22.05.2007 година склучени се шест анекс договори за секој објект посебно, со тоа што постои неслагање на еден објект во однос на налогот за извршување односно извршена е измена за рушење на еден објект со друг без да се знае кој ја одобрил ваквата измена и врз основа на каков документ.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

- Голем дел од податоците (количина и број на работни часови) во градежните дневници се корегирани и исправани без потпис (не е идентификувано лицето кое ја врши корекцијата).
- Градежните дневници за извршување работи на уривање со примена на експлозивни средства не се изготвени и потпишани од подизведувачите (Интеринжинеринг комерц и Властинг), како што е предвидено во елаборатот за минирање.

11.3.6. Ревизијата не доби достатни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи за потрошено гориво, во вкупен износ од 2.635 илјади денари, поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација и необезбеден систем на интерни контроли, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што може да доведе до ненаменско трошење на буџетските средства од страна на лицата вработени во министерството. Имено, расходи за потрошено гориво се евидентирани врз основа на фактури од Макпетрол АД Скопје, за набавени вредносни картички во апоени – Верна плус, за кои во деловните книги не е обезбедена соодветна помошна (аналитичка) евиденција за задолжување и раздолжување по лица кои располагаат со нив, по број на Верна картички во апоени и раздолжување со сметки за гориво. За користење на службените возила не се изготвуваат патни налози поради што ревизијата не можеше да се увери дали направените трошоци за гориво се направени за обавување на службени потреби или за лични цели.

**Препораки**

1. МТВ преку секторот за железници и донесување на процедури за работа да обезбеди систем на интерни контроли преку кои ќе се обезбеди наменското користење на средствата за инвестиции во железничката инфраструктура.
2. МТВ да воспостави процедури за следење на реализацијата на проектите кои се финансираат преку буџетот на МТВ со цел да се обезбеди контрола на наменското користење на средствата. (т 11.3.2. и 11.3.3). Во случај да се појави несразмерност помеѓу обезбедените средства и извршените активности, слободните парични средства да бидат вратени во Буџетот на РМ.
3. Да се воведе евиденција за издавање на патни налози за користење на возилата за службени цели и соодветна аналитичка евиденција за задолжување и раздолжување на лицата кои користат вредносни картички врз основа на сметки, при што истите да се поврзат со регистарскиот број на возилото за кое се точи горивото.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџетот/финансискиот план и спротивно на законските прописи:

- Неоснована исплата на буџетски средства, наменети за т. 2 од Програмата, за реконструкција и ремонт на пругата Градско – Шивец, на два пати по исти фактури – ситуации од Друштвото за ремонт на пруги и нискоградба ДООЕЛ Скопје, во вкупен износ од 1.834 илјади денари, при што овие ситуации се влезени и во барањето за исплата на средства за т. 6 од Програмата – одржување на пругите на ЈП МЖ. Средствата по доставениот допис од министерството до ЈП МЖ, во текот на ревизијата на 31.12.2008 година, се вратени на трезорска сметка во Буџетот на РМ.
- Поради неизвршена контрола од секторот за железници и несоодветно доставена документација од ЈП МЖ (договори, фактури кои не се однесуваат на намената по т. 3 од Програмата), незаконски се

исплатени буџетски средства во вкупен износ од 4.603 иљади денари, за осигурување на делница Клисура – Гевгелија со АПБ и ПП уреди, спротивно на Програмата за инвестиции во железничката инфраструктура за 2007, Законот за буџети и Законот за извршување на буџетот за 2007 година.

- Неосновано извршена исплата на буџетски средства во вкупен износ од 1.584 иљади денари на сметка на ЈП МЖ, врз основа на пресметки за настаната штета од извршена кражба, од причина што одобрените средства со Програмата за инвестиции во железничката инфраструктура за 2007 година, не се однесуваат за надомест на штета од кражба туку за инвестициони вложувања, односно за новонабавен и вграден материјал. Кон пресметките за настаната штета не се приложени соодветни докази (полициски записник) дека навистина е настаната штета. Со ваквиот начин на работа постапено е спротивно на Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот на РМ за 2007 година.
- Неосновано извршена исплата на буџетски средства во износ од 832 иљади денари по фактури – ситуации за санација на лежишни греди на челичен мост на км 513+419 и санација на лежишта, греди и столбови на пругата Велес – Гевгелија, список 3 (врска точка 1.3. во одлуката) од причина што овие градежни работи не влегуваат во Програмата за инвестициони вложувања за 2007 година, поради што и не се финансираат од буџетските средства за 2007 година. Како потврда на ваквата констатација е и т. 2 од Одлуката за јавни набавки во која е наведено дека работите од т. 1.3. се финансираат со средства од Програмата за работа на ЈП МЖ односно од сопствени средства или од друг извор, а не на товар на буџетските средства. Со ваквиот начин на работа постапено е спротивно на Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот на РМ за 2007 година.
- Незаконски исплатени средства во вкупен износ од 565 иљади денари по склучени авторски договори со надворешни лица за изработка на стручен труд (анализи, извештаи и сл) од причина што на ревизијата не се доставени изработените стручни трудови, туку само извешати со опис на активности, што е спротивно на склучениот договор во кој е кажано дека авторското дело ќе се смета за изработено со доставувањето или предавањето во архивата на корисникот или на раководното лице кај корисникот. Со ваквиот начин на работа постапено е спротивно на Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот на РМ за 2007 година.

**Препорака**

1. МТВ да воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со цел да се избегнат, односно сведат на најмал можен степен случаите на незаконско и ненаменско трошење на средствата, а одговорните лица кои одобриле неосновани исплати да се повикаат на одговорност.

11.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки:

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- За извршената набавка на услуга: изведување на работи за присилно административно извршување на донесени управни акти (уривање на објекти), исплатата на авансот е извршена спротивно на одредбите од чл 88 ст 2 од ЗЈН од причина што во конкретниот случај не се исполнети условите за давање аванс наведени во овој член, при што и износот на авансот од 2.400 иљади денари е утврден на вредноста на планираните

средства со решението за јавна набавка, а не на вредноста на договорот кој што е рамковен договор, без конкретна утврдена вредност на услугата, што е спротивно на чл 88 ст. 3 од ЗЈН.

- За потребата од наведената јавна набавка: услуга за сервисирање и тековно одржување на патнички моторни возила со вклучени потрошни материјали и резервни делови за период од 1 година, спроведена е постапка за јавна набавка од отворен повик со забрзана постапка (делива набавка) и со обезбедени средства од буџетот на износ од 2.200 илјади денари. По извршениот избор на најповолните понудувачи склучени се рамковни договори (без конкретна утврдена вредност), во кои вршителот е согласен да ги извршува работите според потребите на нарачувачот по добиена фактура и работен налог. Вкупно исплатените средства, по основ на сервисирање и тековно одржување на возилата со потрошни материјали и резервни делови, за 2007 година изнесуваат 3.351 илјади денари, односно повеќе за 1.151 илјади денари над обезбедените средства за оваа набавка, што е спротивно на Законот за извршување на буџетот за 2007 година и ЗЈН.
- Кај спроведената постапка за набавка: изведување на работи санација на свлечилиштето во реонот на с Ѓермо, општина Тетово, со зафаќање и одвод на површински водотеци во реонот над свлечилиштето, спротивно на ЗЈН, МТВ извршил делење на набавката во две фази со поделба на самата изведба по стационажи (растојание и место), иако според основниот проект и добиеното одобрение за градење се работи за целосен објект од 5 категорија. Отпочната е постапка за јавна набавка без да постои проценета вредност која ќе послужи за правилно одредување на видот на постапката која треба да се спроведе, како и за можноста за реализација согласно обезбедените средства. Имено, набавната вредност во предмер - пресметката кон основниот проект не е утврдена односно истата не содржи финансиски показатели за дадените позиции по видови на работи, количина и цена. Во прилог на наведеното, е и фактот дека МТВ пред да добие позитивно мислење за постапување на проектантот по забелешките од извештајот за извршен преглед (ревизија) на основниот проект од ангажираната стручна фирма, објавил тендер и склучил договор со изведувачот и надзорниот орган. (мислењето е добиено на 28.11.2007 година, а објавен е тендер на 11.05.2007 и склучени се договори на 17.10.2007 година).
- За извршените набавки: изведување на работи на санација на свлечилиштето во реонот на с Ѓермо, општина Тетово со зафаќање и одвод на површински водотеци во реонот над свлечилиштето, стационажа од км 0+518,12 до 1+132,761 и надзор над изведувањето на работите за санација на свлечилиштето Ѓермо, склучени се договори на вкупна вредност од 10.593 илјади денари, но не се обезбедени нови банкарски гаранции за навремено и квалитетно извршување на работите. Работите не се завршени и не е добиено одобрение за употреба, а рокот на важност на претходните банкарски гаранции од добавувачите е истечен на 28.12.2007 година односно на 25.01.2008 година (за надзорот) спротивно на ЗЈН.
- Извршена е исплата на 1 времена ситуација за набавка и транспорт на цевки, без да се изврши вградување, (направена е измена во тендерската документација во однос на основниот проект), на изведувачот за санација на свлечилиштето Ѓермо, во износ од 5.701 илјади денари, при што, во периодот од декември 2007 година до октомври 2008 година, воопшто не се работело поради проблеми со месното население во врска со времената експропријација на земјиштето на кое се гради. Според наведеното постои сомневање во врска со целата постапка за потребата

од забрзана постапка, изборот на изведувачот, висината на склучениот договор, кое што влијае на законското и наменското трошење на буџетски средства во 2007 година.

- Со извршениот увид во регистарот за јавни набавки за кои се спроведени постапки од отворен повик, се констатира дека од вкупно спроведени 14 постапки во 2007 година, само 2 постапки се со отворен повик во редовни законски рокови, а останатите 12 се постапки спроведени со пократки рокови поради итност со забрзана постапка, иако поголемиот број од нив се внесени во планот за јавни набавки и за истите се обезбедени средства во буџетот на МТВ.
- Утврдени се случаи на исплати на средства за набавка на производи (стоки) и користење на услуги од повеќе добавувачи, дадени во Прилог бр 1 од овој извештај, во вкупен износ од 30.520 илјади денари, за кои не е спроведена соодветна постапка согласно Законот за јавни набавки.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки влијае на изборот на најповолниот понудувач, транспарентноста при склучувањето на договорите и повластената положба на одредени понудувачи.

**Препораки**

1. Комисијата за јавни набавки да ги апсолвира одредбите од новиот Закон за јавни набавки и да превземе соодветни мерки и активности за навремено отпочнување и спроведување на постапките за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.2.1. до 11.2.6; 11.3.1. до 11.3.6.; 11.4.1. и 11.4.2. ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски - средства од Буџетот на РМ, под 31.12.2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.3.1. до 11.3.6, 11.4.1. и 11.4.2. кај Министерството за транспорт и врски - средства од Буџетот на РМ, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. Обрнуваме внимание на следните показателите и ризиците кои може да имаат значајно влијание врз континуитетот на работењето на МТВ, и тоа:

    - Во 2008 година потрошени се средства за урување на бесправно изградени објекти во вкупен износ од 14.202 илјади денари, при што не се доставени заклучоци или други документи за задолжување на инвеститорите (извршениците) на бесправно изградените објекти, спротивно на чл 126 ст 2 од Законот за градење. Одговорните лица во Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво да извршат проверка дали се издадени заклучоци за надомест на трошоците за уривање на бесправно изградените објекти до инвеститорите (извршениците) односно барања за принудна административна наплата до Државното правобранителство (со цел правна заштита на имотните права и интереси на РМ). Во случај на неизвршено фактурирање да се утврдат причините за истото, да се утврди одговорноста на лицата одговорни за доставување на заклучоците и да се изврши задолжување на извршениците. Во случај на неплаќање од страна на инвеститорите


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

(извршениците) МТВ треба да преземе активности за наплата на побарувањата преку Државното правобранителство.

- Исплатени средства од Македонска пошта на Канадска пошта во име на МТВ на ден 23.10.2003 година, согласно писмо бр 10-11864 од 23.10.2003 година од МТВ, со кое се задолжува Македонска пошта да изврши исплата на износ од 208.494 канадски долари на Канадска пошта ЛТД како компензација за сите реални и разумни хонорари и трошоци направени од нивна страна, а кои се однесуваат на обврските кои произлегуваат од договорот. Во прилог на писмото бил доставен протокол бр 02-10761 од 26.09.2003 година, потпишан од поранешен министер во 2003 година и лице од Канадска пошта. Протоколот е донесен во врска со претходно склучен договор помеѓу МТВ и Канадска пошта на 26.09.2003 година, договор за заеднички проект за обезбедување на поштенски и поштенско банкарски услуги во РМ, со цел да се подмират сите преостанати барања од МТВ по основ на договорот. Исто така, постои и фактура од 23.10.2003 година на износ од 208.494 канадски долари со која Канадска пошта го задолжува МТВ за исплата на трошоци заклучно со септември 2003 година. Исплатата е извршена од средства на Македонска пошта во 2003 година во име на МТВ. И покрај доставените неколку ургенции од страна на Македонска пошта до МТВ во изминатиот период, средствата не се вратени - рефундирани. Проблемот е констатиран и во ревизорскиот извештај за извршена ревизија за 2004 година кај Македонска пошта, а со писмо од 16.09.2008 година, доставена била целата документација и изготвена е фактура бр 8632/000 од 15.09.2008 година на износ од 208.494 канадски долари односно 8.304 илјади денари за задолжување на МТВ. Во сметководствената евиденција на МТВ не е искажана ваква обврска и проблемот `сеуште не е разрешен.

15. Ревизијата има обврска да истакне дека по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на МТВ, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2005 година, од страна на Министерството за транспорт и врски, делумно се спроведени препораките за отстранување на неправилностите во наодите во точка 11.2.1, 11.2.2, 11.3.3, 11.3.4, 11.4.1 и 11.4.2., а не се спроведени препораките за наодите во точка 11.1.4, 11.1.5, 11.2.3, 11.2.4, 11.2.5 и 11.3.5 од извештајот.

Скопје, 21.05.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1,307,661 | 798,573 |
| **Вкупно приходи** | **1,307,661** | **798,573** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 76,407 | 84,964 |
| Резерви и недефинирани расходи | 90 | 60 |
| Стоки и услуги | 100,580 | 148,597 |
| Субвенции и трансфери | 582 | 244,210 |
| **Вкупно тековни расходи** | **177,659** | **477,831** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1,130,002 | 320,742 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,130,002** | **320,742** |
| **Вкупно расходи** | **1,307,661** | **798,573** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 7 | 208 |
| Побарувања од вработените | 1,449 | 687 |
| Активни временски разграничувања | 9,201 | 8,292 |
| Залихи | 101 | 101 |
| **Вкупно тековни средства** | **10,758** | **9,288** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 129,126 | 139,028 |
| **Вкупно постојани средства** | **129,126** | **139,028** |
| **Вкупна актива** | **139,884** | **148,316** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2,959 | 2,536 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 7 | 18 |
| Краткорочни финансиски обврски | 6,242 | 5,756 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,449 | 877 |
| **Вкупно тековни обврски** | **10,657** | **9,187** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 129,227 | 139,129 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **129,227** | **139,129** |
| **Вкупна пасива** | **139,884** | **148,316** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **139,028** | **101** | **139,129** |
| **Зголемување по основ на:** | **5,575** | **-** | **5,575** |
| Набавки | 5,575 | - | **5,575** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **15,477** | **-** | **15,477** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 15,477 | | **15,477** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **129,126** | **101** | **129,227** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*

----------------------------

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 0906-38/21***
***Скопје, 25.08.2009 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…133/07) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, бр. 02-6229/2 од 06.07.2009 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точка 11.1.2, 11.1.3, 11.1.4, 11.1.5, 11.2.1. ал. 1, 2, 3, 4 и 5, 11.2.3, 11.2.4, 11.2.5, 11.2.6, 11.3.1. ал. 1, 2 и 3, 11.3.2, 11.3.3, 11.3.4. ал. 1, 2 и 3, 11.3.5. ал. 1, 2 и 3, 11.3.6, 11.4.1. ал. 2, 3, 4 и 5, 11.4.2. ал. 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и 14 ал. 1 и 2 од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, **не се прифаќа**, а приговорот на точката 11.4.2 ал. 7, **делумно се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски, Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2007 година, поднесен е приговор бр. 02-6229/2 од 06.07.2009 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот на наодите изнесени во точка 11.1.2, 11.1.3, 11.1.4, 11.1.5, 11.2.1. ал. 1, 2, 3, 4 и 5, 11.2.3, 11.2.4, 11.2.5, 11.2.6, 11.3.1. ал. 1, 2 и 3, 11.3.2, 11.3.3, 11.3.4. ал. 1, 2 и 3, 11.3.5. ал. 1, 2 и 3, 11.3.6, 11.4.1. ал. 2, 3, 4 и 5, 11.4.2. ал. 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и 14 ал. 1 и 2. односно делумно прифаќање на приговорот на наодот во точка 11.4.2 ал. 7 од Конечниот извештај е следното:

1. Приговорот на наодот во точка 11.1.2. од Конечниот извештај, кој се однесува на донесена Програма за финансирање на изработката на урбанистички планови во РМ за 2007 година од Владата на РМ, врз основа на Предлог програма од

министерот за транспорт и врски, при што не се земени во предвид барањата од општините и градот Скопје за потребата од финансирање на урбанистички планови од буџетски средства во нивните општини и без обезбедено мислење пред нејзиното донесување од градот Скопје и општините, **не се прифаќа**, од причина што образложението дадено од МТВ не го менува наодот од ревизијата. Имено, министерот за транспорт и врски го прилагодил финансирањето на урбанистичките планови според Програмата за работа на Владата на РМ за 2007 година, без да изврши усогласување на потребите од локалната во однос на централната власт. Изборот е извршен без доставен допис - известување до сите општини за доставување на барања за финансиски средства за изработка на урбанистички планови, без евиденција на пристигнати барања од општините, без утврдени критериуми за избор и со извршени измени на предлогот, изработен од секторот, на местата за кои што ќе се изработуваат урбанистички планови и проекти и износот на потребни средства, од страна на министерот. Обврската за обезбедување на мислењето е утврдено со чл. 16 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

2. Приговорот на наодот во точка 11.1.3. од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа дека МТВ нема воведено евиденција за следење и донесување на урбанистичките планови и урбанистичките проекти како планови од значење на Републиката, во законските рокови, иако со Законот за просторно и урбанистичко планирање, е надлежно министерство за вршење надзор над законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и органите на градот Скопје, како и нема електронска база на податоци за донесените урбанистички планови, со цел да се овозможи достап на граѓаните до сите релевантни податоци и информации во врска со истите, **не се прифаќа,** поради следното:

- Согласно чл. 26 став 8 од Законот (Сл. весник на РМ бр.51/05), советот на општината е должен урбанистичките планови финансирани од Буџетот на РМ да ги донесе во рок од два месеца од денот на давањето на согласноста, односно во рок од три месеца од денот на давање на мислењето (согласно чл. 25 согласноста односно мислењето го дава МТВ). Ако во тој период не се донесе планот кој е финансиран од Буџетот, советот на општината е должен потрошените средства за изработка на планот да ги врати на сметка на Буџетот на РМ;
- Повторувањето на постапката за донесување на урбанистички планови е предвидена во чл. 26 став 7 и 8 од измените на Законот, кој влегува во сила од 15 ноември 2007 година, со тоа што претходно наведениот чл. 26 став 8 во првата алинеја станува став 10 односно останува;
- За да може континуирано да се следи изработувањето на урбанистичките планови во законски утврдените рокови, односно да одговори на сите задачи и надлежности при вршење на надзорот над законитоста на работата на општините и градот Скопје предвидени со чл. 67 и 68 од Законот, министерството е должно да воведе евиденција за следење на законитоста во изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови и проекти;
- Потребата од воведување на електронска база на податоци за урбанистичките планови произлегува од одредбите во чл. 3 од Законот, во кои изработувањето, донесувањето и спроведувањето на Просторниот план на РМ и урбанистичките планови се работи од јавен интерес, а имајќи го предвид општоприфатениот концепт на транспарентност и јавност во работата на административните органи на сите нивоа, неопходно е потребно на граѓаните на РМ да им се овозможи достап до сите релевантни информации во врска со урбанистичките планови.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*
*Овластен државен ревизор*
----------------------------

Во прилог на наведеното мислење, МТВ во приговорот прифаќа да се воведе ваква база на податоци;

- Потребата од перманентен мониторинг и надзор на претходно наведените активности, како и потребата од формирање на база на податоци за урбанистички планови е наведена и во предлог барањето за потребни финансиски средства за 2007 година изготвено од Секторот за уредување на просторот, од 27.07.2006 година.

3. Приговорот на наодот во точка 11.1.4. од Конечниот извештај, што се однесува на потпишани финансиски извештаи и завршната сметка за 2007 година од вработеното лице – советник за финансиско работење во Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, распоредена во министерството со решение од февруари 2008 година, наместо помошник раководителот на секторот за општи работи кој е назначен од министерот за транспорт и врски за одговорен сметководител со решение од 7.08.2006 година, **не се прифаќа**, од причина што советникот за финансиско работење во СОЗР не е одговорен сметководител согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. По завршната сметка за 2008 година МТВ постапило по препораката на ревизијата.

4. Приговорот на наодот во точка 11.1.5. од Конечниот извештај, што се однесува на непостоење на интерен акт - упатство за постапување при распределбата и трансферот на средствата до ЕЛС со кое би се утврдиле критериуми и методологија на распределба на средствата за изградба на водоводи и третман на отпадни води одобрени од Буџетот на РМ **не се прифаќа,** од причина што ваквата активност односно распределбата на средства на ЕЛС за изградба на водоводи и третман на отпадни води, одобрени од Буџетот на РМ се одвива со години наназад и создава ризик од необјективна распределба. На 09.06.2009 година донесена е Уредба за критериуми и постапка за распределба на средства за изградба и одржување на водоснабдителни и канализациони системи од Буџетот на РМ, со што субјектот постапил по препораката на ревизијата.

5. Приговорот на наодите во точка 11.2.1. ал. 1 до 5 од Конечниот извештај, а кои се однесуваат на несоодветно водење на дел од пропишаните деловни книги (книгата на капитален имот, залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, книгата на благајна), како и на неводење на помошни книги и аналитички евиденции (книга на влезни фактури, книга за набавки, пописни листи за материјали, ситен инвентар и основни средства, аналитичка евиденција на побарувања за аванси, побарувања по лица – корисници на издадени Верна картички и Виза бизнис картички), ниту пак се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со средствата, **не се прифаќа,** од причина што во приговорот се дадени појаснувања за причините кои довеле до ваквата состојба. Во прилог на приговорот доставена е документација за спроведените книжења и воведените помошни книги и аналитички евиденции во 2008 година што значи МТВ ги прифатил наодите и презел активности за спроведување на препораките.

6. Приговорот на наодот во точка 11.2.3. од Конечниот извештај, кој се однесува на неизвршен попис на средствата (градежни објекти, опрема, парични средства, побарувања и обврски) и изворите на средства на начин пропишан со законските прописи, односно неизвршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со попис на ден 31.12.2007 година, **не се прифаќа**, од причина што образложението во приговорот дадено од субјектот значи

прифаќање на наодот за 2007 година, со тоа што МТВ достави известување дека постапило по препораката на ревизијата и во 2008 година извршило попис, за што спроведени се книжења со завршната сметка за 2008 година.

7. Приговорот на наодот во точка 11.2.4. од Конечниот извештај, кој се однесува на непресметана амортизација на градежните објекти за 2007 година, а амортизацијата на опремата е извршена според состојбата во книгата на капитален имот која не е потврдена со попис, поради што и пресметаниот износ на амортизација за 2007 година не е правилно искажан во главната книга и финансиските извештаи со 31.12.2007 година, **не се прифаќа**, од причина што наодот се однесува на амортизација на градежните објекти и на опремата за кои не е извршен попис за 2007 година што претставува основа за пресметка на амортизација. МТВ достави известување за спроведените корекции на пресметаната амортизација во деловните книги и финансиските извештаи за 2008 година, што всушност претставува постапување по препораките на ревизијата.

8. Приговор на наодот во точка 11.2.5. од Конечниот извештај, кој се однесува на неевидентирани инвестициони вложувања за објектите што се однесуваат на санација на свлечилишта на различни места во РМ во деловните книги и финансиските извештаи за 2007 година, а кои според Законот за градење и Правилникот за поблиско определување на градби по одделни категории на градби, се објекти од 5 категорија – потпорни зидови и огради, и за кои, според одобрението за градење градител е МТВ, **не се прифаќа,** поради тоа што во приговорот не се доставени нови докази за промена на наодот, освен дека субјектот доставил допис до Министерството за финансии, од 11.03.2009 година, со кој се бара мислење и насоки за постапување по однос на наодот во извештајот од ревизијата.

9. Приговорот на наодот во точка 11.2.6. од Конечниот извештај, кој се однесува на неводење на аналитичка евиденција на побарувањата по лица, неспроведени книжења за раздолжување на лицата по сметки исплатени преку Виза картичките, иако истите биле користени во 2006 и 2007 година, ниту пак е извршен попис со 31.12.2007 година, поради што во деловните книги и финансиските извештаи оваа позиција не е реално и објективно искажана, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот дадено е образложение со кое субјектот го прифаќа наодот за 2007 година. Прилогот со документацијата за спроведените книжења и воведените помошни книги и аналитички евиденции во 2008 година значат спроведување на препораката од страна на МТВ.

10. Приговорот на наодот во точка 11.3.1. ал. 1 од Конечниот извештај, а кој се однесува на непостоење на процедура во 2007 година во секторот за железници за проверка и контрола на доставената документација приложена кон барањето за исплата од ЈП МЖ, **не се прифаќа**, поради тоа што субјектот го прифатил наодот и презел мерки за спроведување на препораката дадена од ревизијата. Во мај 2009 година изготвена е процедура од страна на МТВ која ќе се применува во наредниот период.

11. Приговорот на наодот во точка 11.3.1. ал 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на тоа што секторот за железници во министерството не врши контрола и споредба на исплатените средства од Буџетот на РМ по Програмата, во однос на платените фактури и ситуации спрема добавувачите на 31.12.2007 година од страна на ЈП МЖ преку увид во сметководствената евиденција во јавното претпријатие, **не се прифаќа**, од причина што МТВ како буџетски

корисник, преку кој се врши исплата на средства за инвестиции во железничката инфраструктура секоја година, е задолжен за наменско и законско трошење на буџетските средства, па со оглед на тоа истиот треба да ги преземе сите мерки и активности за да го потврди тоа. Ова претставува една од активностите која што треба да ја применува секторот за потврда на наменското и законското користење на буџетски средства.

12. Приговорот на наодот во точка 11.3.1. ал. 3 од Конечниот извештај, кој се однесува на неизвршена контрола во однос на обезбедување на сите потребни документи од страна на ЈП МЖ за инвестиционите вложувања, согласно Законот за градење и Правилникот за поблиско определување на градби по одделни категории на градби, потребни за изградба на објектите, наведени во четири точки од Програмата, (реконструкција и ремонт на пруга Пчиња – Рајко Жинзифов, реконструкција и ремонт на пруга Градско – Шивец, осигурување на делница Клисура – Гевгелија со АПБ и ПП уреди и електрификација на железничка станица Скопје – Југ), **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не се доставени нови релевантни докази (документација што е потребна пред да се почне со изградбата на инвестиционен објект, а по завршувањето записник од технички прием и одобрение за употреба) и нема доказ дека пред да се пристапи кон дефинирање на проекти кои ќе бидат финансирани од Буџетот, се разгледуваат предлози во смисла на изработената документација.

13. Приговорот на наодот во точка 11.3.2. од Конечниот извештај, кој се однесува на непреземени мерки и активности од страна на МТВ, за следење на реализацијата на проектите: изградба на Северна трибина на Градскиот стадион и изградба на станови за лица со ниски примања и наменското користење на средствата, **не се прифаќа**, поради следното:
- Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ што се носи за секоја година, МТВ е буџетски корисник кој е задолжен за наменско и законско користење на сите буџетски средства кои се планираат и одобруваат преку неговиот Буџет.
- МТВ е задолжено за реализација на сите Програми, во кои спаѓаат и програмите за одобрени средства кои се наменети и се трошат преку јавните претпријатија.

14. Приговорот на наодот во точка 11.3.3. од Конечниот извештај, а кој се однесува на непреземени мерки и активности од страна на МТВ, за следење на реализацијата на проектот: изградба на фекална канализација Инџиково, и за наменското и законското трошење на буџетските средства, **не се прифаќа**, за што е дадено образложение во претходната точка за наодот 11.3.2.

15. Приговорот на наодот во т. 11.3.4. ал. 1, 2 и 3 од Конечниот извештај, а кој се однесува на недобиени релевантни докази за потврда на објективноста и реалноста на направените расходи за изработка на просторни и урбанистички планови, по ценовник од 2000 година, кој е неприменлив и неусогласен со Законот за просторно и урбанистичко планирање и донесениот Правилник, а со протоколите не се договорени работи кои ќе резултираат со конкретен производ, поради што секторот за уредување на просторот неможе да го потврди извршувањето на дел од договорените работи предвидени во протоколот односно дали навистина е извршена услугата и дали во случај на дополнително финансирање за одделни планови од страна на општината навистина се потрошени вакви средства, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не се доставени нови релевантни докази за промена на наодот. Документите во прилог бр. 17 (акт за пограмирање на потребните средства за изработка на просторни и урбанистички планови од 2000 година, донесен од

Министерството за урбанизам и градежништво, врз основа на кој се изготвувани пресметките од Агенцијата, во 2007 година, и ценовникот од 18.12.2007 година, донесен од Управниот одбор на Агенцијата) ревизијата ги имаше во предвид при утврдување на наодот.

16. Приговорот на наодот во т. 11.3.5. ал. 1 од Конечниот извештај, а кој се однесува на склучени шест анекс договори на 22.05.2007 година за уривање – отстранување на бесправно изградени објекти, со тоа што постои неслагање на еден објект во однос на налогот (повикот) за извршување со усвоена динамика од 22.05.2007 година односно извршена измена за рушење на еден објект со друг, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не е доставен акт за извршена промена на објектите од страна на МТВ – Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Скопје, а налогот (повик) за извршување, без измената, е потпишан на 22.05.2007 година од страна на директорот на Државниот инспекторат и фирмата која што е ангажирана за рушење на објектите.

17. Приговорот на наодот во т. 11.3.5. ал. 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на тоа што голем дел од податоците во градежните дневници се корегирани и исправани без потпис, **не се прифаќа**, од причина што субјектот не доставил нови релевантни докази во приговорот, односно приложените документи (појаснувања за потрошен експлозив и копии од дел на градежните дневници) не влијаат на промена на наодот.

18. Приговорот на наодот во т. 11.3.5. ал. 3 од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа дека градежните дневници за извршување работи на уривање со примена на експлозивни средства не се изготвени и потпишани од подизведувачите, **не се прифаќа,** од причина што, иако МТВ постапило согласно член 25 и 26 од Законот за градење, не ги испочитувало целосно одредбите од Елаборатот за минирање.

19. Приговорот на наодот во т 11.3.6 од Конечниот извештај, што се однесува на недобиени достатни и релевантни докази за потврда на реалноста и објективноста на искажаните расходи за потрошено гориво, поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација и необезбеден систем на интерни контроли, **не се прифаќа**, од причина што појаснувањето и приложените документи (копија од задолжување со вредносна картичка за гориво и фискални сметки) не влијаат на промена на наодот за 2007 година. Во приговорот, по однос на препораката од ревизијата, министерството наведува дека во 2009 година, по добивањето на конечниот извештај, презело активности за дополнително срамнување и конечно обезбедување на преписи од сметки кои недостигале во евиденцијата на МТВ, а за поделените бонови за гориво за кои не постоело покритие со сметки се изготвиле решенија за задолжување на вработените, со датум од 3.07.2009 година и се приложени налози за книжење од 07.07.2009 година.

20. Приговорот на наодот во т. 11.4.1. ал. 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплатени буџетски средства за осигурување на делница Клисура – Гевгелија со АПБ и ПП уреди, спротивно на Програмата за инвестиции во железничката инфраструктура за 2007, Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2007 година, поради неизвршена контрола од секторот за железници и несоодветно доставена документација од ЈП МЖ (договори, фактури кои не се однесуваат на намената по т.3 од Програмата), **не се прифаќа**, од причина што во образложението на субјектот потврдени се



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

документите врз основа на кои е констатиран наодот, а не се доставени нови релевантни докази за промена на истиот.

21. Приговорот на наодот во т. 11.4.1. ал. 3 од Конечниот извештај, а кој се однесува на неосновано извршена исплата на буџетски средства на сметка на ЈП МЖ, врз основа на пресметки за настаната штета од извршена кражба, од причина што одобрените средства со Програмата за инвестиции во железничката инфраструктура за 2007 година, не се однесуваат за надомест на штета од кражба туку за инвестициони вложувања, односно за новонабавен и вграден материјал, **не се прифаќа**, поради несоодветната документација врз основа на која се исплатени буџетски средства.

22. Приговорот на наодот во т. 11.4.1. ал. 4 од Конечниот извештај, што се однесува на неосновано извршена исплата на буџетски средства по фактури – ситуации за санација на лежишни греди на челичен мост на км 513+419 и санација на лежишта, греди и столбови на пругата Велес – Гевгелија, список 3 (врска, точка 1.3. во одлуката за јавна набавка од 22.03.2007 година) **не се прифаќа**, од причина што образложението и наведената документација во приговорот од субјектот, го потврдува наодот од ревизијата.

23. Приговорот на наодот во т. 11.4.1. ал. 5 од Конечниот извештај, кој се однесува на незаконски исплатени средства по склучени авторски договори со надворешни лица за изработка на стручни трудови (анализи, проекти, студии, извештаи и сл.) **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не се доставени нови релевантни докази за промена на наодот. Приговорот дека за изработката на анализи, проекти, студии, извештаи и слично, не се применува Законот за јавни набавки, согласно чл. 5 став 1 ал. 6, не се прифаќа, од причина што овие интелектуални услуги не спаѓаат во услуги за развој и истражувања, туку во консултантски услуги, за кои е потребно спроведување на постапка за набавка на начин пропишан во чл. 69 - 71 од Законот за јавни набавки.

24. Приговорот на наодот во т. 11.4.2 ал. 1 од Конечниот извештај, кој се однесува на исплатен аванс за извршена набавка на услуга: изведување на работи за присилно административно извршување на донесени управни акти (уривање на објекти), **не се прифаќа,** поради тоа што авансот е даден по извршениот избор на најповолниот понудувач и прифатените цени во тендерот. Насловот во тендерската документација гласи: модел на рамковен договор без одредба за вкупна вредност и без авансно плаќање, од што произлегува дека МТВ направило пропуст уште при изготвувањето на тендерската документација.

25. Приговорот на наодот во т. 11.4.2 ал. 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на извршената набавка на услуга за сервисирање и тековно одржување на патнички моторни возила со вклучени потрошни материјали и резервни делови за период од 1 година, **не се прифаќа**, поради тоа што во склучените договори треба да биде лимитирана вредноста до која може да се вршат одредени поправки и сервисирања од избраните понудувачи, а вкупниот износ на сите договори да не го надмине вкупниот износ на планирани и обезбедени средства.

26. Приговорот на наодот во т. 11.4.2 ал. 3 од Конечниот извештај, што се однесува на спроведена постапка за набавка: изведување на работи санација на свлечилиштето во реонот на с Ѓермо, општина Тетово, со зафаќање и одвод на површински водотеци во реонот над свлечилиштето, спротивно на Законот за јавни набавки, поради извршено делење на набавката во две фази со поделба на самата изведба по стационажи (растојание и место), иако според основниот проект и добиеното одобрение за градење се работи за целосен објект од 5

категорија, **не се прифаќа**, поради тоа што дополнително доставената документација: Анекс кон основен проект од ноември 2008 година, Решение за локациски услови од 19.02.2009 година, Одобрение за градба од 23.02.2009 година, Правилник за содржината на проектите, донесен во јуни 2009 година) не влијаат на промена на наодот.

27. Приговорот на наодот во т. 11.4.2 ал. 4 од Конечниот извештај, што се однесува на необезбедени нови банкарски гаранции за навремено и квалитетно извршување на работите за изведување на работи на санација на свлечилиштето во реонот на с Ѓермо, општина Тетово со зафаќање и одвод на површински водотеци во реонот над свлечилиштето, стационажа од км 0+518,12 до 1+132,761 и надзор над изведувањето на работите за санација на свлечилиштето Ѓермо, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази за промена на наодот.

28. Приговорот на наодот во т. 11.4.2 ал. 5 од Конечниот извештај, кој се однесува на извршена исплата на 1-ва времена ситуација за набавка и транспорт на цевки на изведувачот за санација на свлечилиштето Ѓермо, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот се наведени причините поради кои не се одвивале работите навремено (неповолни временски услови, проблеми со месното население).

29. Приговорот на наодот во т. 11.4.2 ал. 6 од Конечниот извештај, кој се однесува на тоа што од вкупно спроведени 14 постапки во 2007 година, само 2 постапки се со отворен повик во редовни законски рокови, а останатите 12 се постапки спроведени со пократки рокови поради итност со забрзана постапка, иако поголемиот број од нив се внесени во планот за јавни набавки и за истите се обезбедени средства во буџетот на МТВ, **не се прифаќа,** поради тоа што, како што е кажано и во мислењето на – Бирото за јавни набавки, од 12.03.2009 година, добиено по барање на МТВ, набавувачот во документацијата која се однесува на постапката треба прецизно да ја аргументира причината за користењето на забрзана постапка, при тоа земајќи ги предвид сите околности кои се во прилог на итноста.

30. Приговорот на наодот во т. 11.4.2 ал. 7 од Конечниот извештај, кој се однесува на утврдени случаи на исплати на средства за набавка на производи (стоки) и користење на услуги од повеќе добавувачи, за кои не се целосно почитувани одредбите во ЗЈН, **делумно се прифаќа,** за што се дава следното образложение:

- Приговорот за набавката: надзор над изведувањето на работи за санација на долниот дел на свлечилиштето Рамина, **се прифаќа**, поради тоа што во конечниот извештај се прифатени забелешките за спроведената постапка за набавка: изведување на работи за санација на долниот дел на свлечилиштето Рамина.
- За набавката на тонерите како потрошен материјал се спроведува посебна постапка за јавна набавка, бидејќи истиот не претставува замена на делови при сервисирање на информатичката опрема, и истата не може да биде во рамките на набавката на услуга (сервисирање на информатичка опрема).
- Изработката на анализи, извештаи за одредени области во надлежност на министерството, за што се ангажираат надворешни лица, не се набавки на услуги за развој и истражување туку консултантски услуги кои подлежат на одредбите од Законот за јавни набавки.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

- За објавите на огласи и соопштенија во домашни печатени медиуми, кои во најголем број се однесуваат на објави за продажба на градежно земјиште и други соопштенија, во приговорот од субјектот дадено е само образложение за ваквата состојба, со појаснување дека во текот на 2009 година министерството за ваквите услуги склучува договори со домашните печатени медиуми.

-
- За набавката: изведување на работи за присилно административно извршување на донесени управни акти (уривање на бесправно изградени градежни објекти) со класични методи и уривање со експлозивни средства, не се доставени нови докази за промена на наодот, а спроведената постапка за јавна набавка не е во целост согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

- За набавката: изведување на работи санација на свлечилиштето во реонот на с Ѓермо, општина Тетово, во приговорот не се доставени нови докази за итноста на набавката за да се спроведе забрзана постапка, а образложението во решението за јавна набавка не укажува на итност поради тоа што санацијата на свлечилиштето Ѓермо како активност е почната во 2006 година, во буџетот за 2007 година биле планирани средства и како набавка е планирана во планот за јавни набавки со отворен повик во февруари 2007 година, што укажува дека имало доволно време за објава на тендер со редовни рокови, а не со забрзана постапка.

- За набавката: услуги на вршење надзор над изведувањето на работи за санација на свлечилиштето Ѓермо, важи истото образложение дадено во претходната алинеја од ова решение.

-
- Со Законот за јавни набавки, дадена е можност за скратување на рокот за прием на понудите во отворен повик, со тоа што согласно чл 58 ст 2 од Законот за јавни набавки, забрзана постапка се спроведува во случај кога известувањето за планираните годишни набавки на набавувачот е објавено претходно најмалку два месеца на веб страницата на Бирото за јавни набавки или кога итноста на набавката бара нејзино извршување во пократки рокови од предвидените во редовната постапка. МТВ првиот услов не го исполнил, а за да се докаже дека е исполнет вториот услов мора да има писмено образложение, поткрепено со документи пред надлежните институции за контрола на примена на одредбите од законот, дека го исполнил вториот услов за да може да се спроведе забрзана постапка.

31. Приговорот на изнесеното во делот за обелоденување на показатели и ризици кои може да имаат влијание врз натамошното работење во т. 14 ал. 1 од Конечниот извештај, а кој се однесува на потрошени средства во 2008 година за уривање на бесправно изградени објекти, при што не се доставени заклучоци или други документи за задолжување на инвеститорите (извршениците) на бесправно изградените објекти, спротивно на чл. 126 ст. 2 од Законот за градење, **не се прифаќа**, поради тоа што даденото појаснување и приложените документи, не влијаат на промена на обелоденувањето.

32. Приговорот на изнесеното во делот за обелоденување на показатели и ризици кои може да имаат влијание врз натамошното работење во т. 14 ал. 2 од Конечниот извештај, а кој се однесува на исплатени средства од Македонска пошта на Канадска пошта во име на МТВ, **не се прифаќа**, од причина што,

потпишан е протокол и договор од 2003 година помеѓу тогашниот министер за транспорт и врски и Канадска пошта. И покрај доставените неколку писмени ургенции од 2005, 2007 и 2008 година од страна на Македонска пошта до МТВ во изминатиот период, средствата не се вратени - рефундирани.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 10.08.2009 година **Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*